ИЗЛОЖБА

# Стил и надворешни потреби

Tweet
Like 0 Share

2 јануари 2008 - 16:41

Омаж изложба на Борко Лазески (1917-1993) во Националната галерија на Македонија, Чифте амам во Скопје



Изложбата е организирана по повод 90 години од раѓањето на еден од најзначајните македонски уметници во повоениот период. Борко Лазески зад себе остави обемно дело како муралист, но тој беше познат како сликар, полемичар и педагог, автор на учебник и откривач на непознати имиња (уметноста во Прилеп меѓу двете светски војни итн.), како и иницијатор и основач на институции значајни за развојот на ликовната уметност кај нас. Тој беше член на групата "Денес" формирана во 1953 година. Престојот во Париз во текот на 1946-1948 год. ќе се покаже пресуден за уметничкото определување на Лазески.

Тој ќе студира фреско сликарство и мозаик, посебно во ателјето на Андре Лот, сликар со посткубистичко определување и познат теоретичар и педагог. Тогаш изработената серија мали темпери ја открива наклонетоста кон синтетизирање на геометризирана фигурација и колоритот кои взаемно се проткајуваат во дводимензионалниот простор на сликата. Овие "стилски вежби" на тема акт откриваат сигурност во

постапката и смисла за аналитичка "игра" во еден определен простор. Монументалните конципирани форми, изведени во малите и поголеми по димензии дела ќе останат трајна карактеристика во уметноста на Лазески.

Во тој период, покрај овие строги и свежи вежби, Лазески ќе се препушти на непосредно бележење на париските урбани ведути. Во нив се вткаени искуствата на импресионизмот, можеби на Бонар или потсетувајќи на Е.Видовиќ со нагласка на магличестите треперења во сиво-сина гама тонови, кои сугерираат меланхолично расположение. Дури подоцна тој ќе наслика неколку интимистички доживеани платна.

Фреската за НОБ (1951-1956) е врвно дело на Лазески и симбол на модернизмот во македонската уметност (5х45м). Авторот остварил голема и по малку ризична синтеза: западниот стилски образец на посткубизмот го споил со елементи на македонскиот средновековен живопис и мексиканскиот мурализам на Сикеирос и др. Борбата е сугерирана со динамичните закосени линии на фигуративната композиција комбинирана со апстрактни површини на облеката, а отпорот со вертикални линии и падот со симнувачки линии. Ликовите имаат типизирани "народни" карактеристики, како и фолклорните мотиви на облеката и др. Уметникот сфатил дека ритмите не служат само да се изразат лични чувства, туку дека без значителни отстапувања (станува збор за период на рано ослободување од нормите на соцреализмот и за живо сеќавање на неодамнешната НОБ во Македонија) можат да се потчинат на надворешни потреби.

Стреланите добиваат херојски, некаде театрални димензии, а пренесувањето на ранет борец содржи јасни конотации на библиско распетие. Лазески спровел линеарна стилизација на фигурите нагласувајќи го упростувањето на цртежот, како и на моделизирањето на монументалните геометриски артикулирани форми кои се распоредени во прв план на рамна основа. Композицијата е тематски и содржински осмислена за да ја потсетува и подучува публиката за блиското историско минато. Фреската е уверлива на ликовен и симболичен план, како и на ниво на новите идеолошки настојувања во тие рани повоени години. Делото изведено во Старата железничка станица беше уништено во скопскиот земјотрес во 1963 година.



Во сликите на дрвени плочи, создадени во Багдад меѓу 1959 и 1967 година, Лазески на свој начин оствари синтеза со традицијата. Во нив преовладува до знаковност чистиот, геометриски цртеж и полниот звук на топлиот колорит, распореден во дводимензионалниот простор на сликата. Стилизираните фигури се издвојуваат од рамна златна основа за да се сугерира специфичен вид на иконовидност, некаде повеќе со декоративни фолклорни белези. Сликата "Апстракција" содржи алузивни моменти на стварноста како всушност и геометриската апстракција од раните 70-ите и 80-ите години на 20. век. Апстракцијата на Лазески има инцидентен карактер и зад неа не стои вистинско уверување и став кој би ја оправдал неодмерената оценка дека станува збор за "прв апстрактен сликар" во македонската уметност.

Во подоцнежните мурали Лазески ги задржува основните стилски белези но, опаѓа креативната и емотивна тензија навлегувајќи во маниристичност, анахронизам или прагматичност во изразот и намерите.
Изложбата во целина изгледа сиромашно како што организаторот воедно не се потрудил да направи поцелосна студија и ново критичко толкување на делото на овој значаен македонски уметник.

**Владимир ВЕЛИЧКОВСКИ**